АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-211/19
27.03.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 06.03. 2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за користење на службени мобилни телефони

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува користење на службени мобилни телефони (во понатамошниот текст: СМТ) во сопственост на Црвен крст на РМ и правата и обврските во врска со користење на СМТ.

Член 2

Под СМТ во смисла на овој Правилник се подразбира телекомуникацискиот уред, без оглед на опременост, со придружна СИМ картичка.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 3

Право на користење на СМТ имаат:

- Генерален секретар;
- Заменик генерален секретар; и
- Раководни работници

За користење на СМТ на стручни соработници, стручни работници и административно-технички работници, ангажирани лица и волонтери одлучува Генералниот секретар.

Покрај корисниците од став 1 на овој член корисници можат да бидат и членови на раководна структура на Црвен крст на РМ врз основа на одлука на Раководниот одбор со која се определува тарифниот модел и висината на трошоци кои ги надоместува Црвен крст на РМ.

Член 4

Корисниците на службени СМТ се обврзани да одговараат на повиците кои им се пратени за време и вон работното време.

Член 5

За време на преземањето на СМТ корисникот е должен да потпише:

1. Реверс за преземање на службениот СМТ/ мобилна картичка
2. Изјава за наплата на трошоците за користење на СМТ над дозволениот износ.

Член 6

Службата за финансии води попис на корисниците на службени СМТ, во кој се внесуваат сите промени поврзани со користењето на СМТ (додавање нови и/или бришење на постојните корисници на СМТ).

Член 7

На корисниците на СМТ се признава трошокот на претплата, СМС порака и трошок на интернет во рамки на одобрениот тарифен модел на давателот на комуникациски услуги.

На корисниците на СМТ не се признава трошокот за специфични услуги (повици со додадена вредност, услуги за СМС паркинг и ММС пораки), како и роаминг и меѓународни повици над договорениот тарифен модел, освен за случаи кога има одобрение од Генералниот секретар.

Тарифниот модел се одредува во согласност со потребите на работата на секој корисник на СМТ а Генералниот секретар ги утврдува тарифните модели на комуникациски услуги кои се договараат со корисниците на СМТ.

Член 8

Договорените тарифни модели зависи од најповолните понуди на операторот кој е избран во спроведување на постапка за набавка.

Член 9

Трошоците за користење на СМТ над договорениот тарифен модел корисниците ги наплатуваат со сопствени средства. Разликата на трошоците ја пресметува одделението за финансии на месечна основа.

По исклучок од став 1 на овој член, по извршен увид во структурата на трошоците на доставена сметка, Генералниот секретар може за поедини случаи да одобри разликата на трошоците над договорениот тарифен модел да се наплати од средствата на Црвен крст, ако истата настанала заради вршење на работи за Црвениот крст.

Член 10

Трошоците за користење на СМТ на Генералниот секретар на Црвен крст на РМ се без ограничување.

Член 11

Корисникот е должен да го користи и чува СМТ да биде исправно користен, а секоја промена, губење или слично е должен веднаш да пријави во службата за финансии.

Во случај на штета на СМТ направена од неправилно користење или намера, трошоците за поправка односно замена се на товар на корисникот.

Член 12

Во случај на неможност за користење на постојниот модел поради технички неисправности или отуѓување, замена на уредот односно набавка на нов се спроведува по одобрение на Генералниот секретар.

Во овој случај корисникот е должен да даде писмена изјава во службата за финансии.

**Член 13**

Корисникот кој се наоѓа на подолготрајно боледување, породилно отсуство или неплатено отсуство подолго од два месеци е должен да го предаде СМТ во службата за финансии.

Корисникот е должен во рок од 3 (три) дена од престанокот на службата да го предаде СМТ во службата за финансии.

По исклучок од став 1 на овој член, корисникот на СМТ може да го задржи постојниот број по одобрение од Генералниот секретар.

По истекот на календарскиот месец во кој дошло до престанок на службата или губење на правото на користење на СМТ, престанува правото на корисникот за надомест на трошоците на СМТ на товар на средствата на Црвен крст на РМ.

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 14

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

проф.д-р Ромел Велев